# Merlot Single Vineyard Reserva 2009




Ова црвено вино е добиено 100% од внимателно одбрано грозје од сортата Merlot. Виното има впечатлива рубин црвена, жива и интензивна боја. Аромата е комплексна, со овошен карактер на црни цреши, слатко од капини, смокви, дополнето со зачински ноти на ванила, мирис на дим и печено кафе. Ваквата комплексност на аромата произлегува од 25-месечното одлежување на виното во нови барик буриња од американски и француски даб. Вкусот е богат и полн, со хармонична киселост и меки сомотести танини кои му даваат на ова вино долг и перзистентен овошно-чоколаден послевкус.

Препорачуваме да се конзумира на температура 15-18$^{o}$C. Најдобро се сложува со специјалитети од месо, особено дивеч со додаток на разни пикантни сосови. Препорачуваме декантирање пред употреба.

Алкохол: 14,5% Vol. Полнето: Јуни, 2012

НАГРАДИ:

- Les Citadelles du Vin 2012, Франција - Злато

